*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-132*
*27.08.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И Д3 - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. "Партизанска", осовина на ул. "Борис Крајгер", осовина на ул. "7-ми Конгрес" и граница на ДУП/

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И Д3 - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. "Партизанска", осовина на ул. "Борис Крајгер", осовина на ул. "7-ми Конгрес" и граница на ДУП/

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

- од западна страна границата оди по осовина на собирна ул. „Партизанска" по ГУП
- од североисточна страна границата е по осовина на ул. „Борис Крајгер"
- од јужна страна границата е по осовина на ул. "7-ми Конгрес"
- од источна страна границата е по граница на ДУП

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И Д3 - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. "Партизанска", осовина на ул. "Борис Крајгер", осовина на ул. "7-ми Конгрес" и граница на ДУП/ вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 68635,63m2 .



Scanned with CamScanner

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ДЕЛ ОД УРБАН ЧЕТВРТ СИ 04.02 СО НАМЕНА А - ГРАДБИ ЗА ДОМУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ НА ЛУЃЕ И Д3 - ТЕРЕНСКИ ГРАДБИ ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, ОПШТИНА ШТИП /плански опфат: осовина на ул. “Партизанска”, осовина на ул. “Борис Крајгер”, осовина на ул. “7-ми Конгрес” и граница на ДУП/ ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 септември 2024 (понеделник) до 15 октомври 2024 год (вторник), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 26 септември (четврток) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.



Scanned with CamScanner

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија
Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01

Scanned with CamScanner